# Додаток VI

# ЕМИСИИ



**Друштвото за Заштита на Животната Средина „ЕКО-ТЕАМ“ ДОО, Скопје**
**Барање за А интегрирана еколошка дозвола**

**ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

СОДРЖИНА:

Додаток VI ........................................................................................ 1
ЕМИСИИ.............................................................................................. 1
6.1. Емисии во атмосферата.................................................................. 4
6.1.2. Фугативни и потенцијални емисии ................................................ 4
6.2 Емисии во површински води ............................................................ 4
6.3. Емисии во канализација .................................................................. 5
6.4. Емисии во почвата.......................................................................... 5
6.5. Емисии на бучава ........................................................................... 6
6.6.  Вибрации........................................................................................ 6
6.7. Извори на нејонизирачко зрачење.................................................... 6

Инсталација на Друштвото за Заштита на Животната Средина, ЕКО-ТЕАМ ДОО, Скопје се наоѓа во склоп на индустриската зона „Рудници и Железарница Скопје “ на територијата на општина Гази Баба, Скопје. Во продолжение е прикажана скица во која се посочени можните емисии кои се очекуваат при работењето на инсталацијата согласно дефинираните работни процеси за складирање и третман на отпад.




Легенда:

 Емисија на отпадна вода;

 Создавање на отпад;

 Опасност од излевање на опасни хемикалии и гасови;

 Емисија на бучава;

Приказ на очекувани емисии при изведување на процесите

## 6.1. Емисии во атмосферата

Согласно Законот за квалитет на амбиентен воздух (“Службен весник на РМ“ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 100/12, 163/13) и подзаконските акти, кои произлегуваат од него, емисиите во воздухот се категоризираат во: емисии од котли, точкасти емисии од стационарни и мобилни извори и потенцијални и фугитивни емисии. При процесот на реконструкција и во оперативната фаза на инсталацијата не се очекуваат емисии во воздух.

Процесите кои се предвидени да се воспостават се затворени технолошки процеси и се одвиват во самиот погон, емисии во животната средина на штетни гасови и суспендирани честички не се очекуваат.

Од споменатите процеси, физичко-хемиска обработка на течен отпад кој содржи органски или неоргански онечистувања, се очекува појава на емисии на миризба, поради тоа што процесот подразбира ракување и третман на материи кои имаат специфичен мирис, но овие процеси се јавуваат само во одредени фази од процесот, тие се во рамки на работната средина, концентрациите ќе бидат следени од страна на операторот на инсталацијата во согласност со законски пропишаните норми. Не се очекуваат емисии во воздух.

### 6.1.2. Фугативни и потенцијални емисии

Фугитивните емисии на прашина не се очекуваат при извршувањето на работните процеси на инсталацијата.

## 6.2 Емисии во површински води

Местоположбата на локацијата исклучува директни влијанија и емисии во вода. Влијанието врз водата е единствено возможно при товар и транспорт на отпадните материјали што се предмет на складирање и обработка од локацијата на нарачателот до локацијата на погонот.

Како една од основните мерки за намалување на влијанието и емисии во вода се јавува одржување на возилата во исправна состојба кои се користат за транспорт на отпадот внатре во објектот и возилата со кои се врши транспорт на отпад од локацијата на нарачателот, до локацијата на складот. На тој начин, значително ќе се намали веројатноста за појава на непредвидени дефекти и истекување на нафтени деривати од резервоарите на возилата, кои може да доспеат до водотеците или пак почвата и да предизвикаат огромни штети. Исто така потребно е да се посвети особено внимание при извршување на товарење и транспортот на отпад, да не дојде до неконтролирано излевање на отпадот во водотеците и на тој начин визуелно да се нарушат или потенцијално да се загадат.

## 6.3. Емисии во канализација

Снабдување со техничка и хигиенска вода на територијата на Рудници и Железарница, Скопје, вклучувајќи и третирање на водата како и згрижувањето на отпадните води преку канализационен систем ги раководи компанијата РЖ Услуги АД, Скопје. За водоснабдување на објектите, постои приклучок во водомерна шахта во близина на административната зграда.

Атмосферската и санитарна отпадна вода од локацијата се собира преку постоечка канализациона инфраструктура до колекторски систем за целиот индустриски комплекс. Фекалните води поминуваат низ уред за третман на истите пред нивното испуштање во канализациониот систем. За водата која се слева на површини каде поминуваат возила, е предвиден сепаратор на масти. Овој тип на маслофаќач е хоризонтален, се состои од таложник, коалесцентен филтер, насочувач (by pass). Во склоп на технолошката канализациона линија се наоѓа водонепропустлив бункер кој е предвиден за интервентен прием на контаминирана вода во случај на хаварија.

Испуштањето на вода од процесите е контролирано и се извршува само по претходно извршена проверка на квалитет на отпадна вода. Доколку параметрите не ги надминуваат граничните вредности дефинирани во Законската регулатива како што е Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитените зони, отпадната вода може да се испушти во канализационата мрежа во спротивно се складира за понатамошен третман и згрижување.

## 6.4. Емисии во почвата

Од работењето на инсталацијата за складирање и третман на отпад „ЕКО-ТЕАМ“ Скопје, не се идентификувани емисии во почвата. Објектот наменет за складирање на отпад што е потребно да се преработи или да се отстрани е затворен од челична конструкција оградена со лимени плочи. Подната површина на целото плато е од непропусен материјал, бетонска подлога со површина од приближно 2000 $m^2$ која оневозможува излевање на штетни материи во почвата.

## 6.5. Емисии на бучава

Согласно со класификацијата на подрачјата според степенот на заштита од бучава местоположбата на објектот, инсталацијата за складирање и третман на отпад „ЕКО-ТЕАМ“ ДОО Скопје спаѓа во подрачје од IV степен на заштита од бучава.

| **Подрачје диференцирано според степенот на заштита од бучава** | **Ниво на бучава изразено во dB (A)** | | |
|---|---|---|---|
| | **Ld** | **Lv** | **Ln** |
| Подрачје од четврт степен | 70 | 70 | 60 |

Со спроведувањето на технолошкиот процес можни се извори на бучава со различен интензитет, кои потекнуваат од уреди кои се дел од постројките вклучени во процесот (на пр. пумпи, уреди за ладење, преси, дробилки и сл).

Новата опремата која е инсталирана ги задоволува современите барања и стандарди за производство на тивки уреди и нивната работата нема да ги надминува граничните вредности за ниво на бучава. Интензитетот на бучавата се очекува да е непостојан, постројките се поставени во изолиран затворен објект. Нивото на бучавата е во рамките на граничните вредности дозволени за изложеност на бучава во работната и животната средина и во согласност со Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава.

## 6.6. Вибрации

Од работењето на инсталацијата за складирање и третман на отпад „ЕКО-ТЕАМ“ Скопје, не се идентификувани емисии на вибрации.

## 6.7. Извори на нејонизирачко зрачење

Во инсталацијата за складирање и третман на отпад „ЕКО-ТЕАМ“ Скопје, не се идентификувани извори на нејонизирачко зрачење (светлина, топлина) кои би можеле да имаат влијание врз животната средина и здравјето на луѓето во и вон рамките на инсталацијата.